**20191271855**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 16 од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СИСТЕМОТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА, КАКО И СЛЕДЕЊЕТО И ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПРАКТИКАНТСКАТА РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на системот за евиденција, како и следењето и известувањето за практикантската работа.

Член 2

(1) Евиденцијата од член (1) од овој правилник, се води електронски од страна на работодавачот.

(2) Евиденцијата ги содржи следните елементи:

- податоци за практикантот (единствен матичен број на граѓанинот, презиме на практикантот, име на практикантот, вид и степен на завршено образование, степен за стручна подготовка, профил на завршено образование);
- податоци за пријавата на практикантот (датум на пријава-почеток на практикантската работа, работно место на кое се врши практикантската работа, работно време-часови неделно, предвидено времетраење на пректикантската работа);
- податоци за престанокот на практикантската работа (датум на престанок на практикантската работа, основ на престанок на практикантската работа) и
- висина на месечен надоместок на практикантот.

Член 3

Следењето и известувањето за практикантската работа се врши врз основа на доставените податоци од членот 2 став (2) од овој правилник, со пријавата и одјавата на практикантот во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-4468/6
17 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.